ОЧ-2766/1

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС-МЕНАЏМЕНТ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ:МЕНАЏМЕНТ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ И ДЕЛОВНО КОМУНИЦИРАЊЕ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Економски факултетот - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 5.12.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област бизнис-менаџмент, по предметите: Менаџмент информациони системи и Деловно комуницирање, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2644/4, донесена на 23.12.2019-та година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Благоја Ѓорѓијовски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Димитар Бојаџиоски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Мијалче Санта, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област бизнис менаџмент, по предметите: Менаџмент информациони системи и Деловно комуницирање, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Никола Левков.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Никола Левков е роден на 12.05.1980 година, во Куманово. Средно образование завршил во Гимназијата „Гоце Делчев“ во Куманово со одличен успех на природно-математичка насока. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2003 година, со просечен успех 9.03. По дипломирањето, се пријавил на објавениот конкурс за избор на помлад асистент по предметите деловно комуницирање и менаџмент информациони системи. На 28.05.2004 година е избран во звањето помлад асистент на предметите деловно комуницирање и менаџмент информациони системи во областа организациски науки и управување (менаџмент).

Во учебната 2004/2005 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на МБА – Менаџмент на Економски Факултет Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје. Постдипломските студии ги завршил во 2009 година, со просечен успех 9.88. На 7.5. 2009 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Менаџмент на знаење и организациско учење во организација базирана на знаење*. Во рамките на своето единаесет годишно работно искуство, покрај тоа што редовно ги извршувал своите работни обврски, покажувал и особен интерес за професионално усовршување во својата кариера. Па така, во периодот помеѓу 8 Јануари и 21 Мај во 2008 година успешно ја завршил програмата за развој на младиот научен кадар (JFDP – Junior (Faculty Development Program) во областа на

Бизнис администрацијата на универзитетот Џорџ Вашингтон во САД, програма финансирана од страна на Стејт Депртментот на САД. За време на студискиот престој во САД покрај тоа што посетувал часови од неколку дисциплини на постдипломски студии на департманот менаџмент, соработувал со неговиот академски ментор, професорот Stuart Umpleby со кој има објавено и еден коавторски труд.

Во периодот февруари 2010 до февруари 2011 год. успешно ги завршил едногодишните постдипломски студии од областа на информациониот менаџмент на Католичкиот универзитет Лувен, во Лувен – Белгија, каде што дипломирал со значајна разлика (cum laude) како еден од најдобрите во генерацијата со магистерската теза „Маркетинг преку социјални медиуми". Ова професионално усовршување претставува значително проширување на неговите знаења од областа на информационите системи што особено ќе му помогнат во иднина во поглед на унапредување на наставната и истражувачката работа.

Докторска дисертација пријавил на 21.10.2011 година на Економски Факултет – Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје. Дисертацијата на тема: *Влијанието на усогласеноста меѓу бизнисот и информациско-комуникациската технологија врз организациските перформанси* ја одбранил на 9.2.2015 година, пред Комисија во состав: проф д-р Димитар Бојаџиоски, проф.д-р Благоја Ѓорѓијоски, проф. д-р Сашо Јосимовски, проф.д-р Благородна Тодосиоска и доц. д-р Мартин Михајлов. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област организациски науки и управување (менаџмент). На 19.6.2015-та година е избран во звањето доцент Економскиот факултет во Скопје во областа бизнис-менаџмент на предметот Менаџмент информциони системи.

Кандидатот Левков го познава и активно се служи со англискиот јазик и има положено TOEFL IBT на 7 Ноември 2009 година со 96 поени. Кандидатот д-р Никола Левков во моментот е доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1101 од 1.6.2015-та година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен/билтени бр. 851, 918, 969, 1034 и 1101, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата и подготовката на овој извештај, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

<u>Наставно-образовна дејност</u>

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет-Скопје, кандидатот д-р Никола Левков изведува настава и вежби на прв циклус студии по предметите: Менаџмент информациони системи, Деловно комуницирање и Теорија на одлучување; на втор циклус студии по предметот Менаџмент информациони системи на студиската програма МБА-Менаџмент и Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, како и по предметите Менаџмент на знаење и Развој на професионални вештини на студиската програма Стратегиски менаџмент на човечки ресурси. Кандидатот д-р Никола Левков ја има иновирано програмата по предметот Менаџмент информациони системи, а за истиот предмет има подготвено интерна скрипта за изведување на наставата. Исто така кандидатот д-р Никола Левков има подготвено интерна скрипта за изведување на настава по предметот Менаџмент на знаење на последипломски студии.

Во изведувањето на наставата, кандидатот користи соодветни наставно-образовни методи, практични симулации и он-лајн алатки за активно учество на студентите во

изведување на наставата, со што успешно ја организира и спроведува наставата. Редовно студентите изработуваат проектни задачи, работат на вежби и учествуваат во симулации со што им се доближува и олеснува сфаќањето на наставната материја. Покрај предавањата, кандидатот секојдневно е ангажиран со консултации со студенти од различно ниво на студии и водење проектни задачи, дипломски трудови и сл. Дополнително, кандидатот е вклучен во подготовка и оценка на испитни прашања и во организација на испити/колоквиуми по соодветните предмети.

Кандидатот д-р Никола Левков бил ментор на 16 дипломски трудови.

Кандидатот д-р Никола Левков учествувал како член во комисии за оцена/или одбрана на 6 дипломски, 5 магистерски трудови и на една докторска дисертација.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Научноистражувачка дејност

Д-р Никола Левков има објавено вкупно 22 научни трудови од областа на бизнис – менаџмент од почетокот на неговата академска кариера до неговото пријавување на конкурсот за избор објавен на 5.12.2019-та год. Потврда за исклучително квалитетната научноистражувачка работа на кандидатот се, секако, двата магистерски труда и докторскиот труд на кандидатот кои ги исполнуваат највисоките критериуми за научно-истражувачко дело.

Во последнит пет години почувајќи од неговиот последен избор во звањето доцент кандидатот д-р Никола Левков има објавено вкупно 9 трудови од кои два во меѓународни научни списанија индкесирани во Scopus, три во меѓународни научни списанија индексирани во Ebsco и четири трудови во годишник на Економски Факултет во Скопје. Учествува во меѓународниот истражувачки проект IT World Project како истражувач за Македонија и во иднина се очекуваат нови публикации во вид на книга и трудови од учеството во овој проект.

Подолу е дадена листата на објавени трудови од областа на бизнис-менаџментот:

1) Никола Левков; Анализа на парадигмите и методите на истражување во доменот на МИС дисциплината, Vol. 50, 2015 год.
2) Borce Trenovski, Ilina Mangova, Nikola Levkov; The level of fiscal transparency and accountability of budget users–evidence from Macedonia; International Journal of Public Policy. Vol.12(No.3/4/5/6); pp 210-242;2016
3) Никола Левков; Еволуција на клучните ИТ предизвици и приоритети – компаративна анализа, Vol.51 (2016) Годишник на Економски факултет-Скопје.
4) Nikola Levkov; How Macedonian Municipalities are Using Social Media for Public Communication, Annual of Faculty of Economics – Skopje, Vol. 52 (2017)
5) Nikola Levkov; Dynamic social alignment on operational level and organisational performance; International Journal of Information Systems and Change Management, Vol. 10 Issue 1, pp. 16-39; 2018
6) Nikola Levkov, Comparative Study on E-Government Indicators between Western Balkan Countries and the EU Countries, Annual of Faculty of Economics – Skopje, Vol. 53, Issue 1, 219-232 (2018)
7) Marija Trpkova – Nestorovska, Nikola Levkov; Determinants of life-expectancy: analysis of Southeastern European countries, Knowledge International Journal, Vol. 31, Issue 1, pp. 193-198, June, 2019.

8) Nikola Levkov; Marija Trpkova – Nestorovska, Antecedents of Management Innovation - A Case of Companies from Western Balkan Countries, CEA – Journal of Economics, Vol. 14, Issue 1, pp. 63-78. June, 2019.
9) Nikola Levkov, Nikolina Palamidovska – Sterjadovska, Corporate Social Responsibility Communication in Western Balkans Banking Industry: A Comparative Study, Management Research and Practice, Vol. 11, Issue 3, pp. 18-30, September (2019).

Д-р Никола Левков бил учесник на два меѓународни и два национални проекти. Кандидатот е ментор на три магистерски труда. Други активности кои припаѓаат во научно-истражувачката дејност, релевантни за изборот (називите на трудовите, проектите и сл.), наведени се во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатот д-р Никола Левков остварил повеќе експертски активности во вид на консултантски услуги. Една таква позначајна активност е во спецификација на SMART информациски систем за пријавување на комунални проблеми при неговото учество во еден меѓународен проект во соработка со ЗЕЛС – Заедница на единиците на локалната самоуправа (Септември, 2015-та година). Исто така во изминатиот период од 5 години кандидатот д-р Никола Левков спровел повеќе обуки во вид на консултантски услуги за унапредување на професионалните вештини кај повеќе надворешни клиенти и тоа:

- „Иновативност на работното место-континуирано подобрување и иновација", обука одржана во НБРМ, 22.5.2017 година (одржани 4 часа обука од вкупно 8 часа обука во улога на главен тренер и обучувач).

- „Демистификација на mystery shopping бизнисите", професионална обука во организација на Институт за менаџерско и бизнис-образование „Концепт", 16.5.2016 (одржани 4 часа обука во улога на главен тренер и обучувач).

- „Како иновативноста во набавката ја унапредува успешноста во работењето?", професионална обука во организација на Институт за менаџерско и бизнис-образование „Концепт", 18-19.2.2016 (одржани 16 часа обука во улога на главен тренер и обучувач).

- „Максимизирање на вредноста на Одделот за набавки во ЕВН Македонија А.Д. Скопје низ процесот на подобрување на мотивацијата на вработените и воведување на иновации во работењето", професионална обука, во организација на ЕВН Македонија А.Д. Скопје и Институт за бизнис-образование „Концепт", 23-24.12.2015 (одржани 16 часа обука во улога на главен тренер и обучувач).

- „Ефективно слушање", професионална обука во организација на STAR-DT за потребите на Осигурување Македонија, 22.10.2015-та година (одржани 4 часа обука во улога на главен тренер и обучувач).

- „Разрешување на конфликти низ преговарање"-професионална обука во организација на STAR-DT за потребите на Осигурување Македонија, 17.11.2015-та година (одржани 4 часа обука во улога на главен тренер и обучувач).

- „Ефективна пишувана комуникација “-професионална обука во организација на STAR-DT за потребите на Осигурување Македонија, 3.11.2015-та година (одржани 4 часа обука во улога на главен тренер и обучувач).

- Унапредување на продажните вештини за масимизација на перформансите, професионална обука за потребите на компанијата СИНПЕКС – Битола, 11.3.2019-та година (одржана обука во улога на главен тренер и обучувач).

- Унапредување на продажните вештини за масимизација на перформансите, професионална обука за потребите на компанијата Asta Adria, 3.12.2019-та година (одржана обука во улога на главен тренер и обучувач).

Д-р Никола Левков активно е вклучен во работата на бројни комисии на Економскиот Факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и тоа:

- член на Конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус студии во учебната 2015/16;
- член на Конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус студии во учебната 2016/17;
- член на Конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус студии во учебната 2017/18;
- член на Конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус студии во учебната 2018/19;
- член на Конкурсната комисија за упис на нови студенти на прв циклус студии во учебната 2019/20;
- заменик член на Комисија за определување на дисциплинска одговорност на студентите на Универзитет „Св Кирил и Методиј” во Скопје, Економски факултет – Скопје, 2016 – 2018;
- заменик претседател на Комисија за определување на дисциплинска одговорност на студентите на Универзитетот "Св Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје, 2018 – 2020;
- член на Комисија која се грижи за навремено ажурирање на веб-порталот на Економскиот факултет од 27.4.2017 година;
- член на комисија за Самоевалуација на Економскиот Факултет во Скопје од 2016-2018
- член на организациски одбор на конференцијата MHRO2018:“ Transforming the business for future:_Building a modern HR organization” одржана на 4-5 Октомври, 2018-та година.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот наведени се во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и неговата севкупна работа и ангажман, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Никола Левков.

Врз основа на изнесените податоци за сите активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Никола Левков поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и

асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област бизнис-менаџмент.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, д-р Никола Левков да биде избран во звањето **вонреден професор** во научната област бизнис-менаџмент.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски**

2. **Проф. д-р Димитар Бојаџиоски**

3. **Проф. д-р Мијалче Санта**

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Никола Панче Левков
(име, татково име и презиме)
Институција: Економски факултет-Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: Бизнис Менаџмент

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. Број	Општи услови	Исполнетост на општите услови да/не
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: Бизнис менаџмент, поле организациони науки и управување (менаџмент), подрачје - општествени науки.	ДА
3	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1/1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование: 1. Назив на научното списание: International Journal of Public Policy. Vol.12(No.3/4/5/6) pp 210-242; 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 3. Наслов на трудот: The level of fiscal transparency and accountability of budget users–evidence from Macedonia 4. Година на објава: 2016	ДА
3.1/2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: International Journal of Information Systems and Change Management, Vol. 10 Issue 1, pp. 16-39 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus 3. Наслов на трудот: Dynamic social alignment on operational level and organisational performance	ДА

	4. Година на објава: 2018	
3.1/3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Knowledge International Journal, Vol. 31, Issue 1, pp. 193-198. 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: Determinants of life-expectancy: analysis of Southeastern European countries 4. Година на објава: Јуни, 2019	ДА
3.1/4	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: CEA – Journal of Economics, Vol. 14, Issue 1, pp. 63-78. 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: Antecedents of Management Innovation - A Case of Companies from Western Balkan Countries 4. Година на објава: Јуни, 2019	ДА
3.1/5	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Management Research and Practice Vol. 11, Issue 3, pp. 18-30. 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: Corporate Social Responsibility Communication in Western Balkans Banking Industry: A Comparative Study 4. Година на објава: Септември, 2019.	ДА
4.	Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 1.6.2015 Билтен бр. 1101	
5.	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

4. **Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски**
5. **Проф. д-р Димитар Бојаџиоски**
6. **Проф. д-р Мијалче Санта**

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Никола Левков**

Институција: **Економски факултет - Скопје**

Научна област: **Бизнис-менаџмент**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на настава** [неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на вежби] Прв циклус студии ▪ Менаџмент информациони системи 5*6*15*0.04=18 ▪ Деловно комуницирање 1*4*15*0.04 = 2.4 ▪ Теорија на одлучување 1*4*15*0.04 = 2.4 Втор циклус студии ▪ Менаџмент информациони системи на студиумот МБА-Менаџмент 5*40*0,05=10 ▪ Менаџмент на знаење на студиумот стратегиски менаџмент на човечки ресурси 5*40*0,05=10 ▪ Менаџмент информациони системи на студиумот стратегиски менаџмент на човечки ресурси 5*40*0.05=10 ▪ Развој на професионални вештини за вработување 3*20*0,05= 3	55.8
2	**Одржување на вежби** [неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на вежби] Прв циклус студии ▪ Деловно комуницирање 2*5*15*0.03=4.5 ▪ Теорија на одлучување 5*2*15*0.03=4.5	9
3	**Консултација со студенти 0.002** [број на студенти * бодување] Прв циклус на студии ▪ Менаџмент информациони системи 500 *0.002= 1 ▪ Деловно комуницирање 900*0.002=1.8 ▪ Теорија на одлучување 250*0.002 = 0.5	3.38

	<u>Втор циклус на студии</u> ▪ Менаџмент информациони системи на МБА – Менаџмент 15*0,002=0.03 ▪ Развој на професионални вештини 60*0.002=0.12 ▪ Менаџмент на знаење 15*0.002=0.03 ▪ Менаџмент информациони системи на стратегиски менаџмент на човечки ресурси 10*0.002=0.02	
4	**<u>Ментор на дипломска работа</u>** [број на менторства * бодување 0.2] ▪ Менаџмент инфромациони системи 9*0.2=1,8 ▪ Деловно комуницирање 7*0.2=1.4	3.2
5	**<u>Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа</u>** ▪ Деловно комуницирање 5*0.1=0,5 ▪ Теорија на одлучување 1*0.1=0,1	0,6
6	**<u>Член на комисија за оцена или одбрана на докторат</u>** [број на комисии * бодување 0.7] 1*0.7=1	0.7
7	**<u>Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура</u>** [број на комисии * бодување 0.3] 5*0.3	1.5
8	**<u>Интерна скрипта од предавања</u>** ▪ Автор на интерна скрипта за изведување на настава по предметот *Менаџмент на знаење (Октомври, 2015-та година)*	4
	▪ Автор на интерна скрипта за изведување на настава по предметот *Менаџмент информациони системи (2019-та година)*	4
	Вкупно	81.58

<u>НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ</u>

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
9	**<u>Ментор на магистерски труд</u>** **<u>3*2=6</u>**	6
10	**<u>Учесник во национален научен проек</u>** <u>1.</u> „Создавање на можности за младите од руралните средини" Финансиски поддржан од Европската унија (РЕФ.12/9139/1), 2016-та година. Учесник во реализација на проектот во делот на подигнување на капацитетите на младите во руралните средни за вработување. 2) „Вработување на млади Роми", Финансиски поддржан од Европската унија (РЕФ.12/8413/1), 2017-та година. Учесник во реализација на проектот во делот на подигнување на капацитетите на млади Роми за вработување	6

11	**<u>Учесник во меѓународен научен проект</u>** 1) „Развој на паметен систем за пријавување на комунални проблеми", проект финансиски поддржан од Германското друштво за меѓународна соработка – ГИЗ, преку Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа за модернизација на општински услуги (ORF MMS), 2015 – та година, Август - Септември. Учесник во рализација на проектот во соработка со ЗЕЛС – Заедница на единиците на локалната самоуправа. 2) "**The World IT Project** ", - меѓународен научен проект, дизајниран со цел да ги истражи клучните предизвици со кои се соочуваат ИКТ професионалците на глобално ниво. Проектот опфаќа спроведување на испитување по пат на прашалник во повеќе од 40 земји ширум светот. Врз база на собраните податоци се пишуваат трудови, а во Февруари 2020-та ќе биде објавена книга со резултатите од сите земји. Учесник како истражувач за Република Македонија. Во рамките на реализација на проектот беа собрани преку 300 прашалници од ИКТ професионалци во Р. Македонија.	10
12	**<u>Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:</u>** 1) Borce Trenovski, Ilina Mangova, **Nikola Levkov**; The level of fiscal transparency and accountability of budget users–evidence from Macedonia; International Journal of Public Policy. Vol.12(No.3/4/5/6); pp 210-242;2016 (Scopus) 1*5*0.8=4 2) **Nikola Levkov**; Dynamic social alignment on operational level and organisational performance; International Journal of Information Systems and Change Management, Vol. 10 Issue 1, pp. 16-39; 2018 (Scopus) 1 * 5 = 5 3)Marija Trpkova – Nestorovska, **Nikola Levkov**; Determinants of life-expectancy: analysis of Southeastern European countries, Knowledge International Journal, Vol. 31, Issue 1, pp. 193-198, June, 2019. (Ebsco)	22.5

	1*5*0.9=4.5 4) **Nikola Levkov**; Marija Trpkova – Nestorovska, Antecedents of Management Innovation - A Case of Companies from Western Balkan Countries, CEA – Journal of Economics, Vol. 14, Issue 1, pp. 63-78. June, 2019. Меѓународно референтно списание со меѓународен уредувачки одбор. (Ebsco) 1*5*0.9=4.5 5) **Nikola Levkov**, Nikolina Palamidovska – Sterjadovska, Corporate Social Responsibility Communication in Western Balkans Banking Industry: A Comparative Study, Management Research and Practice, Vol. 11, Issue 3, pp. 18-30, September (2019) (Ebsco) 1*5*0.9=4.5	
13	**<u>Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание</u>** **„Како македонските општини ги користат социјалните медиуми за комуникација со јавноста** “,објавено во Билтен на здружение на финансики работници Бр. 4, Април, 2018, во издание на Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија – Велес.	2
14	**<u>Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција</u>** ▪ **Никола Левков**; Анализа на парадигмите и методите на истражување во доменот на МИС дисциплината**,** Vol. 50, 2015 год. 1*2=2 ▪ **Никола Левков;** Еволуција на клучните ИТ предизвици и приоритети – компаративна анализа, Vol.51 (2016) *Годишник на Економски факултет-Скопје*. 1*2=2 ▪ **Nikola Levkov**; How Macedonian Municipalities are Using Social Media for Public Communication, Annual of Faculty of Economics – Skopje, Vol. 52 (2017) 1*2=2 ▪ **Nikola Levkov,** Comparative Study on E-Government Indicators between Western Balkan Countries and the EU Countries, Annual of Faculty of Economics – Skopje, Vol. 53, Issue 1, 219-232 (2018) 1*2=2	8
15	**<u>Рецензија на научен/стручен труд</u>** 1) Why Do Firms Outsource: A Tool for Contextual	0.8

	Ambidexterity"for Academy of Management Meeting, August 5-9 in Anaheim, California, (September, 2017). 1*0.2=0.2 2) "Vendor Gains in Business Process Outsourcing" for the 2016 Academy of Management Meeting, August 5-9 in Anaheim, California. 1*0.2=0.2 3) "Actualizing Value Potentials of Big Data Analytics in Organizations" for the 2016 Academy of Management Meeting, August 5-9 in Anaheim, California. 1*0.2=0.2 4) The Role of The Government in Enhancing Sustainable Entrepreneurships. Does A Bigger Government Always Mean Less Entrepreneurship? For the International Journal of Business and Globalisation (IJBG), (September, 2017). 1*0.2=0.2	
16	**Пленарно предавање на меѓународен научен/стручен собир** 1) Меѓународна конференција за размена на добри практики во областа на рамномерниот регионален развој Североисточен плански регион, 25-26 Септември, 2019-та година, Куманово. Тема: Трансформативната улога на информациско-комуникациската технологија (ИКТ), Е-влада и иновациите во регионалниот развој.	2
	Вкупно	57.3

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
17	**Експертски активности:** ▪ „**Иновативност на работното место-континуирано подобрување и иновација**“, еднодневна обука одржана во НБРМ, 22.5.2017 година (одржани 4 часа обука од вкупно 8 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Демистификација на mystery shopping бизнисите**“, професионална обука во организација на Институт за менаџерско и бизнис-образование „Концепт“, 16.5.2016 (одржани 4 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Како иновативноста во набавката ја унапредува успешноста во работењето?**“, професионална обука	9

	во организација на Институт за менаџерско и бизнис-образование „Концепт“, 18-19.2.2016 (одржани 16 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ **„Максимизирање на вредноста на Одделот за набавки во ЕВН Македонија А.Д. Скопје низ процесот на подобрување на мотивацијата на вработените и воведување на иновации во работењето“,** професионална обука, во организација на ЕВН Македонија А.Д. Скопје и Институт за бизнис-образование „Концепт“, 23-24.12.2015 (одржани 16 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ **„Ефективно слушање“,** професионална обука во организација на STAR-DT за потребите на Осигурување Македонија, 22.10.2015-та година (одржани 4 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ **„Разрешување на конфликти низ преговарање“-** професионална обука во организација на STAR-DT за потребите на Осигурување Македонија, 17.11.2015-та година (одржани 4 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ **„Ефективна пишувана комуникација “-** професионална обука во организација на STAR-DT за потребите на Осигурување Македонија, 3.11.2015-та година (одржани 4 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ **Унапредување на продажните вештини за масимизација на перформансите,** професионална обука за потребите на компанијата СИНПЕКС – Битола, 11.3.2019-та година (одржана еднодневна обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ **Унапредување на продажните вештини за масимизација на перформансите,** професионална обука за потребите на компанијата Asta Adria, 3.12.2019-та година (одржана еднодневна обука во улога на главен тренер и обучувач)	
18	**Дизајн на информациски систем** Спецификација на СМАРТ систем за пријавување на комунални проблеми како дел од учеството во меѓународниот проект финансиски поддржан од Германското друштво за меѓународна соработка – ГИЗ, преку Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа за модернизација на општински услуги (ORF MMS), 2015 – та година, Август.	1
19	**Учество во промотивни активности на факултетот** ▪ Учество во промотивни активности „Отворени денови на Економски факултет - Скопје“ во Скопје 2016, 2017, 2018 и 2019; 4 периоди * 0.5 поени= 2.0 ▪ Учество во промотивни активности на Факултетот во Куманово во 2016, 2017, 2019 година; 3 периоди * 0.5 поени=1.5	3.5
	Вкупно	13.5

ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	<u>Член на организационен или програмски одбро на меѓународен научен/стручен собир</u> 1) MHRO2018:“ **Transforming the business for future: Building a modern HR organization**” одржана на 4-5 Октомври, 2018-та година.	1
	<u>Член на факултетска комисија</u> ▪ Член на *комисија за самоевалација на Економскиот факултет - Скопје* во периодот од 2016 – 2018. ▪ Член на комисија за самоевалуација на Економскиот Факултет – Скопје, 2019 ▪ Член на *Библиотечниот одбор на Економскиот факултет во Скопје* во период од 2018–2019. ▪ Член на *Комисијата за упис на студенти во учебната* 2016/2017. ▪ Член на *Комисијата за упис на студенти во учебната* 2017/2018. ▪ Член на *Комисијата за упис на студенти во учебната* 2018/2019. ▪ Член на *Комисијата за упис на студенти во учебната* 2019/2020	7*0.5=3.5
	Вкупно	4.5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	81.58
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	57.3
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	13.5
ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	4.5
Вкупно	156.88

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

7. **Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски**

8. **Проф. д-р Димитар Бојаџиоски**

9. **Проф. д-р Мијалче Санта**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Економски факултет - Скопје

Бр. 02-218/19 Дата 07.02 2020 година

Врз основа на член 110, 174 и 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18), и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр.411 од 5.11.2018 година), Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 31.1.2020 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

1. Кандидатот д-р Никола Левков, се избира за наставник во научната област: бизнис менаџмент, по предметите: Менаџмент информациони системи и Деловно комуницирање.

2. Д-р Никола Левков се стекнува со наставно – научно звање вонреден професор започнувајќи од денот на донесување на оваа одлука.

3. Д-р Никола Левков согласно Законот за високото образование се избира за вонреден професор за период од 5 години, односно во периодот од 31.1.2020 до 30.1.2025 година.

4. Платата на д-р Никола Левков ќе се утврди со посебно решение.

О б р а з л о ж е н и е

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научната област: бизнис менаџмент, по предметите: Менаџмент информациони системи и Деловно комуницирање, објавен во Нова Македонија и Коха на ден 5.12.2019 година, се пријави само кандидатот д-р Никола Левков.

Рефератот на Рецензентската комисија е објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1206 од 30.12.2019 година.

Против изготвениот реферат на Рецензентската комисија во предвидениот рок, не е поднесен приговор.

Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 31.1.2020 година, го прифати предлогот на Рецензентската комисија во состав:

- Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски
- Проф. д-р Димитар Бојаџиоски
- Проф. д-р Мијалче Санта

и го избра д-р Никола Левков за наставник во наставно – научно звање вонреден професор, во научната област: бизнис менаџмент, по предметите: Менаџмент информациони системи и Деловно комуницирање.

Прилог на оваа одлука претставува рецензентскиот извештај.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука да се достави до: д-р Никола Левков, продекан за настава, одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење, одделение за студентски прашања, раководител на катедра, персонално досие, досие на седницата и архива.

ДЕКАН

Изработил:Д.К

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Проф. д-р Предраг Трпески